# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СРЕДНОВЕКОВНА АРХЕОЛОГИЈА - СКРИПТА" ОД АВТОРОТ НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р ЗВОНИМИР НИКОЛОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-37/38 од Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 28.1.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Елица Манева, редовен професор, Институт за историја на уметноста со археологија, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје;
- проф. д-р Митко Панов, редовен професор, Институт за национална историја, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Рецензентската комисија имаше за задача да изготви извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Средновековна археологија - скрипта"** од **насловен доц. д-р Звонимир Николовски**, наменет за студентите на прв циклус студии при Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Материјалот на ракописот со наслов **„Средновековна археологија - скрипта"** од авторот насловен доц. д-р Звонимир Николовски е потполно компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Средновековна археологија, кој според студиската програма на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската насока Археологија во четврти семестар, со фонд на часови (2+2+2), и се вреднува со 6 кредити и ќе се користи за предметот Средновековна археологија.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по горенаведеноот предмет.

Наставните содржини се презентирани јасно и концизно со соодветни примери кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата.

***Податоци за обемот на ракописот***

Ракописот е напишан на македонски јазик во А4 формат, фонт Times New Roman; големината на буквите кај насловите е 14, а на содржините 12. Текстот содржи 142 страници и 132 табели со илустративен материјал кој е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Скриптата содржи 12 поглавја, со литература.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Скриптата претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите - идни археолози полесно да го совладаат материјалот, а воедно и да ги надградат своите знаења од оваа област. Ваков тип на скрипта од областа на средновековната археологија за првпат се објавува кај нас и заради тоа го прави значаен за студентите од археологија.

***Краток опис на содржината***

Структурата на трудот која е во еден дел содржи дванаесет тематски целини и библиографија.

Во првата тематска целина е воведно предавање во кое се опфатени елаборација за средновековната археологија како научна дисциплина и презентирање на содржината на наставните теоретски единици.

Втората тематска целина има за цел да ги воведе студентите во историјатот на досегашните истражувања и преглед со куси коментари за основната стручна литература.

Третата тематска целина содржи елаборација на историските, културните, хронолошките и духовните карактеристики на европското средновековие.

Четвртата тематска целина го опфаќа периодот на Големата преселба на народите со поединечна експликација за етничките групации кои се опфатени во Големата преселба на народите, според хронолошки редослед.

Петтата тематска целина го обработува проблемот на етногенезата на Словените и структурата на заедниците преку формите на урбаното живеење.

Шестата тематска целина ја презентира материјалната култура на Словените, изразена преку предметите од секојдневниот живот.

Седмата тематска целина ја опфаќа духовната култура на Словените изразена преку формите и фунебралниот ритус и митологијата во која подробно е презентиран словенскиот пантеон на божества.

Осмата тематска единица дава комплетна презентација на типологијата на средновековниот накит и керамиката, како основен елемент за дефинирање на една култура.

Деветтата тематска единица ја разработува урбанизацијата на Словените преку видот на населбите и градбите во нив.

Десеттата тематска единица ги разработува одбранбениот систем и конструктивните елементи на словенските градишта.

Единаесеттата тематска единица дава детални поединечни објаснувања за опремата и видови на оружје на словенскиот воин.

Дванаесеттата тематска единица ја презентира материјалната и духовната култура на македонските Словени преку тип на населби, некрополи и религија.

Користената литература има обем од десет библиографски единици.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека приложениот ракопис за скрипта по предметот Средновековна археологија на мошне јасен и едноставен јазик ги обработува, дополнува и збогатува предметните содржини и е потполно во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за образовни науки. Скриптата е особено важна и неопходна за студентите од студиската програма Археологија за полесно практично совладување на наставните содржини по наведениот предмет.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки со задоволство ја препорачуваме „Скрипта од Средновековна археологија" од насловен доц. д-р Звонимир Николовски да го прифати како рецензирана скрипта во електронска форма.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф.д-р Елица Манева, с.р. редовен професор, Институт за историја на уметноста со археологија,Филозофски факултет,Универзитет „Св. Кирил и Методиј",Скопје**
**Проф. д-р Митко Панов, с.р. редовен професор,Институт за национална историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**